# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# 2024 – 2028

**Македонско здружение на млади правници**

Скопје, 2024

## СОДРЖИНА

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ........ 3
I. ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА........ 4
1.1 Историјат........ 4
1.2 Организациска структура и капацитети........ 5
1.3. Анализа на опкружувањето........ 5
1.4 Пристап кон општествените промени........ 6
1.5 Опис на процесот на стратешко планирање........ 7
II. ВИЗИЈА, МИСИЈА, ВРЕДНОСТИ И СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ........ 9
2.1. Визија........ 9
2.2. Мисија........ 9
2.3. Вредности на организацијата........ 9
2.4. Стратешки приоритети за периодот 2024 – 2028........ 10
III. СТРАТЕШКА РАМКА........ 10
3.1. Приоритет 1: Правно зајакнување на сиромашните, ранливите и маргинализираните лица........ 10
3.2. Приоритет 2: Заштита на правата на бегалците, мигрантите и лицата без државјанство........ 11
3.3. Приоритет 3: Зголемување на влијанието на младите правници во владеењето на правото, дигиталните права и справување со ризиците од новите технологии........ 13
3.4. Приоритет 4: Зајакнување на отпорноста на општеството и демократската контрола во справувањето со безбедносни ризици, криминал и екстремизам;........ 14
3.5. Приоритет 5: Зголемување на правни средства за заштита на животната средина........ 15
IV. МЕТОДИ НА РАБОТА, СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ........ 17
4.1. Методи на работа........ 17
4.2. Спроведување, следење и оценување........ 18
V. ОРГАНИЗАЦИСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ........ 19
АНЕКС – АКЦИСКИ ПЛАН........ 20

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во својот нов Стратешки план за периодот 2024–2028 ја утврдува визијата за праведно и инклузивно општество каде што правото го штити достоинството на секој човек, обезбедувајќи владеење на правото, еднакви можности и одржлива животна средина. Мисијата на организацијата е да ги штити и унапредува уставните вредности преку пристап заснован на човекови права, поддршка на обесправените и активно застапување за системски промени. Работата на МЗМП е водена од принципи на достоинство, професионализам, одговорност, иновативност и одржливост.

Во следните пет години, МЗМП ќе работи на пет стратешки приоритети:

1. **Правно зајакнување на сиромашните, ранливите и маргинализираните лица** – преку бесплатна правна помош, истражувања, застапување и дигитални алатки што го олеснуваат пристапот до правда.
2. **Заштита на правата на бегалците, мигрантите и лицата без државјанство** – преку обезбедување квалитетна правна помош, стратешки судски постапки, застапување за правично третирање и системски решенија засновани на меѓународни стандарди.
3. **Зголемување на влијанието на младите правници во остварување на владеењето на правото, дигиталните права и справување со ризиците од новите технологии** – преку практикантски програми, обуки, менторство и застапување за осовременување на правничкото образование и заштита на дигиталните права.
4. **Зајакнување на отпорноста на општеството и демократската контрола во справување со безбедносни ризици, криминал и екстремизам** – преку превенција, ресоцијализација и обезбедување мултидисциплинарна поддршка за жртви и ранливи категории.
5. **Зголемување на правните механизми за заштита на животната средина** – преку поддршка на граѓани и активисти, развој на правни алатки и застапување за доследна примена на законите во согласност со Архуската конвенција.

Методологијата на МЗМП се темели на **пристап заснован на човекови права** и на **теоријата на промени**, преку кои се комбинираат правна помош, истражување, градење капацитети, стратешки судски постапки и застапување за јавни политики. Овој холистички пристап овозможува долгорочни системски промени и одговорни институции, истовремено зајакнувајќи ги граѓаните и заедниците да ги остваруваат и штитат своите права.

Со овој план, МЗМП го поставува патот за зголемување на правдата, заштитата на човековите права и создавање на одржливо и безбедно општество во Северна Македонија.

# I. ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

## 1.1 ИСТОРИЈАТ

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) е основана на крајот на 2003 година од група на млади правници, во време кога недостасуваа организирани форми за професионално вмрежување за учество во правните реформи. Денес, МЗМП е стабилна, професионална и етаблирана организација со изградени капацитети за спроведување комплексни регионални проекти, креирање јавни политики и застапување за еднаков пристап до правда за сите. Ова се значајни години за растење на организацијата:

| **Период** | **Области на работа и активности** |
|---|---|
| 2003–2009 | - Соработка со ABA ROLI, ОБСЕ и Советот на Европа<br>- Обуки за млади правници (човекови права, недискриминација)<br>- Следење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| Од 2009 | - Активно учество во креирање на Законот за бесплатна правна помош<br>- Прва регистрирана организација за БПП во Министерството за правда<br>- Годишна поддршка на над 500 лица<br>- Учество во работни групи за унапредување на системот за БПП |
| Од 2010 | - Долгорочна соработка со УНХЦР<br>- Правна помош за баратели на азил, бегалци и лица без документи<br>- Препознаена како водечка организација за миграции и азил |
| Од 2012 | - Стратешко застапување во над 150 предмети од јавен интерес<br>- Области: дискриминација, миграција, нехуман третман, пристап до правда, животна средина |
| Од 2014 | - Воспоставување на Програма за практиканти (поддржана од USAID и Амбасадата на Холандија)<br>- Над 700 практиканти со искуство во институции (судови, Народен правобранител итн.) |
| Од 2017 | - Проекти финансирани од ЕУ: Бесплатна правна помош преку: Мобилни тимови за ранливи категории, Поддршка за жртви на насилство, Работа со осудени лица и ресоцијализација и Правда за деца |
| Од 2021 | - Соработка со GCERF<br>- Поддршка за повратници од конфликтни зони<br>- Активности за рехабилитација, реинтеграција и превенција од насилен екстремизам |
| 2021-2022 | - Поддршка за 400 авганистански државјани во соработка со OGP<br>- Обезбедена правна и логистичка помош за нивна релокација во Канада и САД |

## 1.2 ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И КАПАЦИТЕТИ

**МЗМП функционира преку три клучни органи: Собрание, Управен одбор и Претседател.**

Собранието, составено од сите активни членови, претставува највисок орган на управување. Управниот одбор има одлучувачка улога, додека Претседателот е извршен орган кој го води секојдневното функционирање на организацијата.

МЗМП има 25 вработени со полно работно време и 2 лица ангажирани преку договори за услуги. Најголемиот дел од тимот се правници, а останатите се ангажирани во областа на финансии и администрација, превод и комуникации. Дел од правниците имаат положен правосуден испит, магистратура по право (LL.M) и имаат повеќе од десет години професионално искуство.

Организацијата е посветена на континуирано подобрување на внатрешните процеси и квалитетот на работата. Во таа насока, МЗМП е во процес имплементирање на нова организациска структура, со цел зголемување на ефикасноста, подобра распределба на обврските и поефективна поддршка на вработените во секојдневното работење.

## 1.3. АНАЛИЗА НА ОПКРУЖУВАЊЕТО

**Политички и правен контекст**

- Северна Македонија е во пристапни преговори со ЕУ; реформите за владеење на правото се бавни и нецелосни.
- Високата корупција и недовербата во судскиот систем го попречуваат пристапот до правда, особено за ранливите групи.
- Планот за раст и Реforската агенда (2024–2027) се фокусираат на владеење на правото, дигитализација и зелена транзиција.
- Отворањето на Поглавјата 23 и 24 создава простор за засилено учество на граѓанскиот сектор.
- Серијата трагични настани во општеството – вклучувајќи ја несреќата во Кочани со голем број жртви, убиството на малолетната Вања и честите сообраќајни незгоди – ја потврдува потребата од функционален, одговорен и координиран систем за заштита на граѓаните. Овие случаи укажуваат на системски предизвици што бараат институционална одговорност и долгорочни решенија.

**Економски и донаторски контекст**

- Ослабена меѓународна поддршка за човековите права, особено поради промените во надворешната политика на Соединетите Американски Држави и новиот состав на нивната Влада.

- Затворање на канцеларии на УСАИД и скратување на фондови за граѓански организации.
- Зголемена конкуренција за грантови, вклучително и од меѓународни актери.
- Војната во Украина ја зголеми нестабилноста и ја намали предвидливоста на донаторските текови.
- Организациите сѐ почесто аплицираат надвор од својата експертиза, што го намалува квалитетот на услугите.

**Социјален контекст**

- Најранливите категории имаат ограничен пристап до правда.
- Зголемен број случаи на уцени и закани кон млади поврзани со споделување фотографии.
- Сѐ поизразена е потребата од правна едукација и зајакнување на младите правници како двигатели на промени.

**Технолошки контекст**

- Технолошкиот развој носи ризици за дигиталните права.
- Вештачката интелигенција може да доведе до намалување на одредени професии, вклучително и правничката.
- Институциите немаат развиени механизми за справување со дигитално насилство и злоупотреби.

**Еколошки контекст**

- Зелената транзиција е дел од Реforскаta агенда и европските интеграции.
- Отвора можности за граѓанскиот сектор да учествува во политики за одржлив развој.

**Меѓународен контекст (геополитички и миграции)**

- Се дискутира за воспоставување „хабови“ за мигранти, присилни враќања и мониторинг на безбедноста на враќањата – области во кои МЗМП има експертиза.
- Се зголемува трендот на регуларна трудова миграција, особено во инфраструктурни проекти, со ризици од трговија со луѓе и експлоатација.

## 1.4 ПРИСТАП КОН ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ

МЗМП применува систематски и интегриран пристап во својата работа, кој почнува со препознавање на проблемите преку истражување, продолжува со обезбедување правна помош, прераснува во стратешко застапување и завршува со реални промени во јавните политики.

Нашата работа започнува со **дознавање и истражување** – ги следиме состојбите на терен, ги анализираме потребите на граѓаните и ги идентификуваме системските слабости. Од таму,

преминуваме кон **помош и правна поддршка** за најзасегнатите, обезбедувајќи директен пристап до правда за оние кои најмногу имаат потреба.

Следниот чекор е **притисокот преку стратешко застапување** – користиме избрани случаи за да ја предизвикаме неправдата и да иницираме институционални промени. Завршната фаза е **застапување за промена на политики**, каде преку аргументирани предлози, партнерства и учество во јавни процеси, влијаеме врз системот за да стане поправеден и поефективен.

Овој модел ни овозможува да поврземе конкретни искуства со поголеми системски решенија, и да дејствуваме таму каде што промената е најпотребна – во интерес на граѓаните, правдата и владеењето на правото.




## 1.5 ОПИС НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Стратешкиот план на МЗМП произлезе од континуирана, партиципативна работа насочена кон зајакнување на внатрешните капацитети на организацијата. Основата на планот беше изработена во 2023 година, додека развојот и дополнителната разработка продолжија во 2024, со финална ревизија во 2025 година.

Во процесот значаен придонес имаше и надворешниот консултант ангажиран преку ЕУ ТАКСО, кој обезбеди експертска поддршка и го водеше процесот на градење нова организациска структура, во согласност со потребите на МЗМП и принципите на стратешко планирање.

Стратешкото планирање се спроведе во неколку фази:

- анализа на клучни документи;
- проценка на моменталната состојба;
- консултации со вработените;
- развој на насоки за идниот развој на организацијата.

Консултантот го поддржа тимот преку менторски сесии, обуки и онлајн средби, при што беа разработени долгорочната визија и мисија, SWOT анализа и стратешките приоритети на МЗМП.

На 23 и 24 јануари 2025 година се одржа дводневна работилница каде членовите на тимот ги споделија своите идеи и визии за организацијата. Работилницата резултираше со предлог организациска структура и појасни насоки за идниот развој на МЗМП.

Процесот на стратешко планирање беше финализиран преку дополнителни средби и онлајн консултации, при што беше усогласен и официјално завршен.

# II. ВИЗИЈА, МИСИЈА, ВРЕДНОСТИ И СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

## 2.1. ВИЗИЈА

Праведно, правично и справедливо општество каде правото го штити достоинството на човекот, му служи на јавниот интерес и обезбедува одржлива и безбедна околина.

## 2.2. МИСИЈА

МЗМП ги штити и унапредува основните начела и вредности утврдени со Уставот. Преку користење на правото ги штити и зајакнува обесправените и се залага за подобрување на законите и политиките со кои индивидуалните слободи и прва, владеењето на правото и околината се целосно заштитени.

## 2.3. ВРЕДНОСТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Работата на МЗМП се заснова врз основа на следниве вредности и начела:

- **Права и слободи:** Ги штитиме слободите и права на сите лица особено на оние кои се системски обесправени;
- **Достоинство и почит кон секого:** Се однесуваме со сите лица, странки, соработници и засегнати страни со достоинство и должна почит;
- **Професионализам и исклучителност:** Обезбедуваме и гарантираме највисоко можно ниво на стручност и квалитет во работата која ја вршиме;
- **Иновативност:** Се обидуваме постојано да се приспособуваме на новонастанатите промени и предизвици во областа на правото;
- **Самоуправување:** Ние, вработените и членовите на МЗМП ја водиме и насочуваме организацијата на колегијален и партиципативен начин;
- **Влијание и одржливост:** Посветени сме да создадеме одржливи промени, докажани преку опипливи, подобрени услови за живот во нашите заедници;
- **Одговорност и интегритет:** Се придржуваме кон постигнување на високи професионални и етички стандарди.

## 2.4. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ПЕРИОДОТ 2024 – 2028

МЗМП во периодот од 2024 до 2028 ќе работи на следниве пет стратешки приоритети:

1. Правно зајакнување на сиромашните, ранливите и маргинализираните лица
2. Заштита на правата на бегалците, мигрантите и лицата без државјанство
3. Зголемување на влијанието на младите правници во остварување на владеењето на правото**,** дигиталните права и справување со ризиците од новите технологии
4. Зајакнување на отпорноста на општеството и демократската контрола во справувањето со безбедносни ризици, криминал и екстремизам
5. Зголемување на правните средства за ефикасна заштита на животната средина

# III. СТРАТЕШКА РАМКА

## 3.1. ПРИОРИТЕТ 1: ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИРОМАШНИТЕ, РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЛИЦА

МЗМП ќе продолжи да работи на правно зајакнување на сиромашните, ранливите и маргинализираните лица. Под правно зајакнување се подразбира процес на системска промена преку кој обесправените добиваат пристап до правдата, правично судење и ефикасни правни лекови, со што се намалуваат причините за исклученост, ранливост и сиромаштија. Тоа го поттикнува развојот преку зајакнување на гласот на поединците и заедниците – од локално до национално ниво.

**Целни групи**

- лица кои живеат во сиромаштија,
- лица и семејства на лица со попреченост,
- корисници на права од социјална заштита,
- жени жртви на семејно и родово-базирано насилство,
- лица со здравствени проблеми,
- здруженија што ги штитат овие групи,
- деца, со посебен акцент на нивното право на безбедна средина, образование, здравствена и социјална заштита.

**Општа цел**

Унапредување на правичен, ефективен и достапен пристап до правда за сиромашните, ранливите и маргинализираните лица.

**Посебни цели**

1. Зголемување на достапноста, пристапноста и квалитетот на правната помош.
2. Подобрување на правната рамка за пристап до правда.
3. Зголемување на правната писменост на граѓаните.

**Стратешки пристап**

МЗМП ќе ги реализира целите преку:

- специјализирани и иновативни програми за правна помош прилагодени на потребите на целните групи,
- истражувања и анализи на правните потреби на граѓаните и практичната примена на законите,
- застапување и лобирање засновано на докази,
- поддршка на здруженија и активисти за заштита на ранливите групи (правна помош, обуки, материјали, едукативни настани),
- воспоставување и промоција на *pro bono* програми преку поврзување адвокати и граѓани,
- користење на дигитални алатки и современи методи за приближување на правните информации до граѓаните, со фокус на ранливите категории.

## 3.2. ПРИОРИТЕТ 2: ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА БЕГАЛЦИТЕ, МИГРАНТИТЕ И ЛИЦАТА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО

МЗМП ја заснова својата работа на уверувањето дека секое лице, без разлика на својот правен статус, има право на достоинствен третман и еднаков пристап до правда. Организацијата обезбедува правна помош за баратели на азил, бегалци и лица под супсидијарна заштита и преку стратешко застапување придонесува за унапредување на системот за заштита на бегалците.

Иако државата има воспоставено систем за пристап до постапката за азил и постапки за враќање, бројот на лица кои добиваат меѓународна заштита е мал, а системот треба да обезбеди и правично третирање на лица кои не ги исполнуваат условите за азил. Потребно е воспоставување ефикасен систем за управување со миграцијата, кој гарантира почитување на човековите права, достоинство и независен мониторинг на постапките при враќање.

МЗМП ќе продолжи да следи влијанија од новите европски политики, вклучувајќи го Пактот за миграции и азил, и преку стратешко застапување ќе се залага за правата на мигрантите согласно националното и меѓународното право.

**Целни групи**

- Баратели на азил, бегалци и лица под супсидијарна заштита
- Странци без регулиран правен статус или во постапка за враќање

- Лица со регулиран статус со ризик од ранливост или маргинализација
- Странци во ризик од трудова експлоатација
- Лица без државјанство или со ризик од бездржавјанство

**Општа цел**
Зајакнување на системот за управување со миграции, азил и бездржавјанство, заснован на почитување на човековите права.

**Посебни цели**
- Обезбедување навремена и квалитетна правна помош за бегалци, мигранти и лица без државјанство
- Унапредување на правниот систем кој гарантира пристап до правична постапка и достоинствено третирање
- Искоренување на бездржавјанството и промоција на добри практики во регионот

**Стратешки пристап**
МЗМП ќе ги реализира целите преку:

- Интегрирани програми за бесплатна и достапна правна помош, вклучително за странци жртви на трудова експлоатација и непридружувани деца, како и промоција на про боно правни услуги
- Стручна поддршка и обуки за адвокати и институции во областа на азил и миграции, за доследна примена на националното и меѓународното право
- Водење стратешки предмети и иницирање системски промени во управувањето со миграциите и постапките за азил
- Застапување за правична постапка за азил и достоинствено враќање на мигранти во земја на потекло или во трети земји
- Поддршка за воспоставување независен мониторинг на присилните враќања и идентификување на ранливи групи
- Анализи на новите миграциски трендови и ризици од експлоатација, како и развој на креативни решенија за правно информирање на лицата
- Учествување во изготвување на подзаконски акти, стандарди и предлози за закони за интеграција и инклузија на бегалци и странци
- Следење на влијанието на европските политики врз националната пракса, со посебен акцент на брзите гранични постапки и заштита на човековите права

## 3.3. ПРИОРИТЕТ 3: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА МЛАДИТЕ ПРАВНИЦИ ВО ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО, ДИГИТАЛНИТЕ ПРАВА И СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ ОД НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

МЗМП продолжува да ја зајакнува улогата на младите правници како носители на промени во правниот систем и општеството. Од основањето, организацијата вложува во нивните капацитети со цел создавање генерации кои ќе се залагаат за владеење на правото, човековите права и активно учество во процесите на одлучување.

Преку практикантската програма, стручни настани, обуки и партнерства со правните факултети, младите правници стекнуваат практични вештини за работа со ранливи групи, развиваат критичко мислење и го тестираат правниот систем. Ова станува особено важно во услови на брза дигитална трансформација, кога заканите за нарушување на дигиталните права и приватноста се зголемуваат, а правното образование ретко ги вклучува овие теми.

МЗМП истовремено работи и на заштита и едукација на граѓаните со ниско ниво на дигитална писменост, обезбедувајќи поддршка за ранливите категории да ги разберат и заштитат своите права во дигиталниот простор.

**Целни групи**

- Млади правници, директно вклучени во практикантската програма, обуки и менторство
- Правни факултети и академски кадар
- Ранливи категории граѓани со ниско ниво на дигитална писменост

**Посебни цели**

- Јакнење на капацитетите на младите правници за правда, човекови слободи и дигитални права
- Застапување за осовременување на правничкото образование
- Подобрување на правниот систем за заштита на дигиталните права и приватноста

**Стратешки пристап**

МЗМП го реализира стратешкиот пристап преку три клучни столба:

- **Градење капацитети на младите правници** – преку практикантска програма, обуки и менторство, младите правници се подготвуваат да работат со ранливи групи, да тестираат закони и да застапуваат за владеење на правото. Програмата се надополнува со теми за дигитални права, приватност, слобода на изразување, здружување и собирање.

- **Осовременување на правничката професија** – партнерства со правните факултети, развој на нови студиски програми за дигитални права, обуки за дигитална писменост за студенти, медиуми и ранливи категории, како и поттикнување на иновации преку соработка со ИТ професионалци и активисти.
- **Застапување за јакнење на правниот систем** – стратешко застапување засновано на докази, изработка на извештаи во сенка за примената на националното и ЕУ законодавство, учество во работни групи за законски измени и мониторинг на институциите. Особено внимание се посветува на балансирање на јавната безбедност со заштитата на приватноста преку јасни правни рамки.

Преку овој холистички и иновативен пристап, МЗМП продолжува да создава генерации млади правници подготвени да ја водат професијата низ дигиталната трансформација и да придонесуваат кон праведно, инклузивно и безбедно општество.

## 3.4. ПРИОРИТЕТ 4: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОТПОРНОСТА НА ОПШТЕСТВОТО И ДЕМОКРАТСКАТА КОНТРОЛА ВО СПРАВУВАЊЕТО СО БЕЗБЕДНОСНИ РИЗИЦИ, КРИМИНАЛ И ЕКСТРЕМИЗАМ;

Се посложените безбедносни и социјални предизвици, како радикализација, насилен екстремизам и трговија со луѓе, бараат силна и координирана општествена реакција. Присуството на повратници од странски боишта, ширење на екстремистички пораки и ризикот од виктимизација на ранливи групи, особено деца и млади, укажуваат на потребата од долгорочни и инклузивни решенија.

Ресоцијализацијата и реинтеграцијата на лицата кои излегуваат од затвор, вклучително повратниците, остануваат сериозен предизвик поради висок рецидивизам, недостаток на индивидуализирани програми и недостиг на кадар во затворите и центрите за социјална работа. Децата од дисфункционални семејства се особено изложени на ризик од трговија со луѓе, криминал и експлоатација, што ја нагласува потребата од превентивна работа и рана идентификација на ризиците.

МЗМП го зајакнува системот преку соработка со Националниот координатор за спречување насилен екстремизам, изградба на капацитети на мултидисциплинарни тимови, воспоставување на партнерска мрежа за директна поддршка (правна, психосоцијална, кариерна, поддршка за зависности) и учество во мобилни тимови за борба против трговија со луѓе. Дополнително, МЗМП придонесува кон развој на политики и обуки за институциите.

**Целни групи**

- Осудени лица, особено пред и по отпуст, и повратници од странски боишта

- Лица под пробација
- Деца и млади од социјално загрозени или дисфункционални семејства
- Потенцијални и идентификувани жртви на трговија со луѓе
- Претставници на државни институции (затворски установи, центри за социјална работа, образование, МВР, судство и обвинителство)
- Граѓански организации и локални актери кои обезбедуваат директна поддршка

**Општа цел**

Создавање отпорно и инклузивно општество во кое никој не останува без помош и заштита.

**Посебни цели**

- Зголемена информираност на граѓаните за ризиците од криминал, трговија со луѓе и екстремизам
- Зајакнат систем за ресоцијализација и реинтеграција преку подобрена меѓуинституционална соработка
- Подобрен пристап до директна поддршка (правна, психосоцијална, кариерна и други сервиси) за жртви, деца престапници, радикализирани и лица пред и по отпуст

**Стратешки пристап**

МЗМП го реализира пристапот преку три главни активности:

- **Превенција** – Едукација на млади лица преку работилници и инфо-сесии за ризиците од трговија со луѓе, експлоатација и насилен радикализам; обуки за наставници, социјални работници и полиција; јавни дебати, локални иницијативи и соработка со Советите за превенција; фокус на дигитална писменост и препознавање онлајн ризици.
- **Ресоцијализација и системски подобрувања** – Учество во законски и подзаконски измени, протоколи за меѓуинституционална соработка, програми пред отпуст и обуки за институции; предлози за алтернативни мерки и условен отпуст со заштитен надзор; укажување на системски празнини преку анализи и препораки.
- **Директна поддршка** – Вмрежување на граѓански организации, воспоставување национален сервис за координирана помош, обуки за институции, обезбедување навремена и квалитетна правна, психосоцијална и кариерна поддршка за ранливи категории.

## 3.5. ПРИОРИТЕТ 5: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРАВНИ СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Досегашната работа на МЗМП покажува дека и покрај постоењето на добра законска рамка, заштитата на животната средина останува неефикасна. Институциите ретко преземаат одговорност,

нивните капацитети се ограничени, а правните механизми речиси не се користат. Недоволна е транспарентноста во преземените мерки, а учеството на јавноста во донесувањето одлуки е ниско. Истражувањето на МЗМП од 2024 година покажува дека 75% од граѓаните имаат ограничено знаење за учество во донесувањето одлуки, додека 87% немаат информации за јавни консултации.

Главниот проблем што МЗМП го адресира е недоволното учество на граѓаните во заштитата на животната средина, предизвикано од недоследна примена на законите, слаб капацитет на институциите, нефункционални механизми за информирање и ниска доверба во правниот систем. Последиците се сериозни: влошување на еколошката состојба, исклученост на граѓаните од политиките и забавување на усогласувањето со европските стандарди.

МЗМП ќе продолжи да се залага за поефикасна правна заштита на животната средина, поддржувајќи граѓани и локални здруженија да детектираат неправилности и да користат правни механизми. Дополнително, организацијата ќе го зајакнува капацитетот на адвокати, судии и инспектори за доследна примена на законските механизми. Преку стратешко застапување, мониторинг и соработка со експерти, МЗМП ќе придонесе кон унапредување на правната практика и системска примена на еколошкото право, во согласност со Архуската конвенција.

**Општа цел**
Зголемување и ефикасна примена на правните механизми за заштита на животната средина.

**Посебни цели**

- Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации, активистите и локалните заедници за користење на правни механизми.
- Јакнење на капацитетите на адвокати, судии и млади правници за примена на еколошкото право.
- Застапување за усогласување на политики и законодавство со Архуската конвенција.

**Стратешки пристап**
МЗМП ја реализира стратегијата преку иновативен и сеопфатен пристап, прилагоден на реалните потреби на граѓаните, со особено внимание на заедниците најмногу изложени на загадување.

- **Прибирање информации и анализа на предизвици** – мапирање на правните и еколошките проблеми, анализа на институционалното постапување и идентификување на системски слабости.
- **Правно застапување и поддршка** – соработка со граѓански организации и активисти, обезбедување правна помош, едукација за детектирање, пријавување и санкционирање еколошки неправилности.
- **Локални капацитети и активни заедници** – поттикнување на граѓанско учество преку прирачници, работилници, дигитални алатки и мрежи на адвокати за стратешко застапување и мониторинг на институциите.

- **Младите и иновации** – формирање Академија за животна средина и мултидисциплинарни лаборатории за соработка на правници и технички експерти, развој на иновативни решенија и ИТ алатки за полесно информирање, пријавување и следење на институционалното постапување.
- **Мониторинг и застапување** – следење на работењето на управните судови и инспекциските служби, изработка на препораки за подобрување на политиките и законодавството во согласност со Архуската конвенција, за поефикасна примена на еколошкото право.

Преку овој холистички пристап, МЗМП ја поттикнува трансформацијата на граѓаните во свесни и активни заедници кои ефикасно ги користат правните механизми за заштита на животната средина и унапредување на квалитетот на живот.

# IV. МЕТОДИ НА РАБОТА, СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

## 4.1. МЕТОДИ НА РАБОТА

Методологијата на МЗМП се темели на пристап заснован на човекови права и концептот на теоријата на промени. Организацијата работи паралелно со **имателите на права (right-holders)**, за да ги зајакне во остварувањето и заштитата на нивните права, и со **носителите на должности (duty-bearers)**, со цел да ги поддржи во исполнувањето на нивните обврски и да бара одговорност кога тие не си ја вршат својата работа.

Основата на методологијата се трите клучни начела:

1. **Зајакнување:** Долгорочна промена е возможна само преку зајакнување на поединците и заедниците.
2. **Учество:** Корисниците и засегнатите страни активно учествуваат во активностите на МЗМП и во планирањето на програмите.
3. **Партнерство:** МЗМП поттикнува култура на партнерство со други организации и институции, каде секој учесник дели одговорност и активно придонесува кон заедничките цели.

Според теоријата на промени на МЗМП, ефективна трансформација се постигнува преку следниве поврзани активности:

1. **Правна помош и други форми на поддршка -** МЗМП обезбедува висококвалитетна правна помош за сиромашните и ранливите групи, организира работилници и предавања за правна писменост, ги поврзува граѓаните со адвокати про боно и нуди стручна поддршка за други граѓански организации. Теренската работа овозможува директна соработка со

активисти и локални заедници, овозможувајќи длабок увид во системските проблеми и перспективата на корисниците, што е клучно за развој на решенија засновани на реални потреби.

2. **Правно истражување** - Наодите од практичната работа претставуваат почетна точка за темелно правно истражување, вклучително компаративни студии, студии на случај и анализа на усогласеност со законодавството. Резултатите од истражувањето се користат за развој на документи за јавни политики и предлози за законски и системски реформи.
3. **Градење на капацитети -** МЗМП организира обуки и менторство за адвокати, институции и граѓански организации, со посебен фокус на младите правници. Целта е да се надминат јазовите во капацитетите и да се овозможи поефективно остварување на правата на граѓаните.
4. **Стратешки судски спорови -** Кога проблемите произлегуваат од несоодветна примена на законите, МЗМП применува стратешки судски спорови. Се избираат случаи со потенцијал за системска промена, се развива силна стратегија и се вклучуваат судовите да донесат одлуки со поширок општествен ефект.
5. **Застапување и лобирање -** Кога проблемот не може да се реши преку капацитетно градење или судски спорови, МЗМП користи различни алатки за влијание – иницијативи, писма, конференции, тркалезни маси итн. Организацијата придонесува во изработка на амандмани и нацрти закони и активно учествува во процесите на донесување политики, со цел зајакнување на правниот систем.

## 4.2. СПРОВЕДУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

За ефикасно спроведување на стратешките цели, МЗМП развива годишни работни планови. Овие планови вклучуваат јасно поставени резултати, индикатори за следење на напредокот и одговорности на вработените. Овие планови исто така, служат како основа за подготовка на проектни апликации.

Следењето на реализацијата се врши преку мерливи квантитативни и квалитативни индикатори, а за дополнителна проценка се користат анкети и повратни информации од корисници и засегнати страни.

Кварталните извештаи ги изготвуваат програмските координатори, а ги разгледуваат Претседателот и Управниот одбор. Претседателот има активна улога во следење на исполнувањето на стратешките цели и обезбедување на усогласеност помеѓу стратешките насоки и тековните активности.

Дополнително, секои три години се спроведува сеопфатна евалуација која служи како основа за ревизија и ажурирање на стратешкиот план.

# V. ОРГАНИЗАЦИСКО ЗАЈАКНУВАЊЕ

Организациската одржливост и ефикасност претставуваат значаен предизвик за МЗМП, особено во динамична општествена и правна средина. Заминувањето на неколку клучни членови на тимот во изминатите години создаде празнини во континуитетот на процесите и експертизата. За да остане релевантен и влијателен актер во областа на правото во јавен интерес, човековите права и владеењето на правото, МЗМП применува сеопфатен пристап кон организациско зајакнување, кој вклучува:

- **Развој на вештини и способности на вработените**, со цел ефективно справување со комплексни правни и општествени прашања;
- **Подобрување на организациската култура**, преку вградување на вредности, поттикнување лидерство и преземање иницијатива;
- **Поддршка на тимот**, обезбедувајќи услови за работа кои ја зголемуваат мотивацијата и намалуваат отпорот кон имплементација на стратешки и оперативни планови.

**Клучни области за организациски развој:**

1. Зајакнување на административното и финансиското работење;
2. Унапредување на системот за управување со човечки ресурси (мотивациска стратегија, механизми за евалуација, воведна ориентација);
3. Креирање нова организациска структура (систематизација, опис на работни места, внатрешна комуникација);
4. Ревизија и унапредување на внатрешните акти;
5. Воведување механизми за организациско учење (записи, извештаи, анализа на процеси);
6. Воспоставување систем за споделување знаење и внатрешна комуникација;
7. Изработка на стратегија за комуникација на организацијата;
8. Развој на стратегија за одржливо финансирање (проекти, услуги, обучувачки центар, истражување и анализа).

**Цели на организациско ниво:**

- Зголемување на капацитетите за справување со нови и комплексни правни предизвици (приватност, дигитални права, онлајн безбедност, вештачка интелигенција, одржлив развој);
- Позиционирање како клучен промотор на правото во јавен интерес во државата;
- Проширување на мрежата на членови и поддржувачи;
- Развој на услуги кои генерираат средства за организацијата;
- Јакнење на улогата и влијанието во креирање политики и законски решенија во областа на стратешките приоритети.

## АНЕКС – АКЦИСКИ ПЛАН

Во рамки на процесот на стратешко планирање, МЗМП изработи сеопфатен Акциски план кој ги разработува секоја стратешка цел преку конкретни активности, временска рамка и мерливи индикатори. Овој план претставува практична алатка за следење и евалуација на имплементацијата на Стратешкиот план 2024–2028.

Планот е прикажан во форма на табела како прилог, со цел да обезбеди прегледност, одговорност и јасно дефинирани чекори за остварување на поставените приоритети.

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ БР.1 ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИРОМАШНИТЕ, РАНЛИВИТЕ И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЛИЦА** | | |
|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИНДИКАТОР |
| **1.1 Обезбедување на правна помош за сиромашните, ранливите и маргинализираните лица** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 30 повици месечно за бесплатна правна помош<br>- 50 барања за секундарна правна помош |
| **1.2 Обезбедување на правна помош и застапување на ранливи деца** | 01.02.2025-31.12.2027 | - 100 деца на кои им е обезбедена правна помош и застапување<br>- 100 родители едуцирани за детски права<br>- 15 интервенции за застапување на интересите на децата<br>- 50 услуги за дирекна помош (психосоцијална поддршка и упатување до организации за поддршка)<br>- 1 Апликација до ЕСКП |
| **1.3 Обезбедување на правна помош и поддршка за жртви на насилни кривични дела** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 50 советувани жртви на насилни кривични дела<br>- 20 барања за БПП за насилни кривични дела<br>- 20 барања за компензација |
| **1.4 Обезбедување на правна помош за пациенти** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 70 советувани пациенти |
| **1.5 Обезбедување на правна помош за жртви на прекумерна употреба на сила од полиција и затворска полиција** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 20 правни совети |

| | | |
|---|---|---|
| **1.5 Застапување во управни и судски постапки и стратешко застапување** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 20 случаи застапувани пред надлежни органи (жртви на кривични дела)<br>- 30 ранливи деца застапувани во судска постапка<br>- 2 поднесоци за уставни прекршувања<br>- 10 иницијативи за заштита на правата на пациентите<br>- 3 пријави за прекумерна употреба на сила<br>- 15 претставки до Народен правобранител, КЗД и други |
| **1.6 Информативни сесии за правно зајакнување на граѓани и заедници** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 5 информативни сесии за БПП<br>- 100 информирани граѓани за учество во процеси за правна заштита<br>- 30 граѓани советувани за поднесување на иницијативи до Уставен суд |
| **1.7 Градење на капацитети на адвокати, судии, јавни обвинители и институции** | 01.01.2024-31.12.2027 | - Обучени 20 адвокати за постапување со деца, жртви и ранливи групи<br>- 3 обуки за мрежа на адвокати за ЖТЛ<br>- 30 работилници за ОЈО, судии, ЦСР |
| **1.8 Следење на пристапот до правда за ранливи деца, жртви и маргинализирани групи** | 01.02.2025-31.12.2027 | - 10 извештаи за постапување со деца<br>- 10 поднесоци до меѓународни тела и организации<br>- Извештај за спроведување на ЗПД<br>- Извештај за спроведување на Законот за паричен надоместок за жртви на насилен криминал<br>- Коментар за новиот ЗБПП<br>- Анализа на судската пракса за заштита на уставни права/ извештај на МЗМП за човекови права |
| **1.9 Учество во процесите на подготовка на закони и подзаконски акти** | 01.02.2025-31.12.2027 | - Учество во 3 работни групи за подготовка или изменување на закони и подзаконски акти<br>- Поддршка за подготовка на 5 подзаконски акти поврзани со ЗПД<br>- 10 документи за јавни политики |
| | | |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ БР.2 ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА БЕГАЛЦИТЕ, МИГРАНТИТЕ И ЛИЦАТА БЕЗ ДРЖАВЈАНСТВО | | |
|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИНДИКАТОР |
| **2.1 Обезбедување на правна помош и застапување за баратели на азил, бегалци, мигранти и лица во движење** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 2000 бегалци и странци обезбедени со правен совет<br>- 100 баратели на азил, бегалци и мигранти застапувани од адвокат<br>- 30 интервенции за подобрување на пристапот до права и услуги<br>- 3 поплаки до Frontex fundamental officer во однос на прекршување на човековите права на границите |
| **2.2 Обезбедување правна поддршка за лица без државјанство и поддршка на системот за искоренување на бездржавјанството** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 500 правни совети на лица без државјанство<br>- 280 лица кои се стекнале со државјанство<br>- 160 лица кои се запишале во УВМК<br>- Теренски посети- Поттикнување на активизам за пронаоѓање на случаи на терен и подигнување на свеста кај луѓето за навремен упис во мкр<br>- Воспоставување на ефикасен систем за граѓанска регистрација |
| **2.3 Градење на капацитети за заштита на правата на бегалци, мигранти и лица без државјанство** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 8 предавања на Правната клиника за бегалско право<br>- 5 Обуки за адвокати за БПП<br>- 10 Работилници со судии, адвокати, јавни обвинители, институции<br>- Обука за МЗМП и Омбудсман за мониторинг на присилни враќања |
| **2.4 Мониторинг на постапувањето на институциите во прекршување на правата на бегалците, странци и лица без државјанство** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 4 извештаи за состојбата на азилот<br>- 4 извештаи за имиграциски притвор на бегалци и мигранти и условите во установите<br>- 12 квартални теренски извештаи<br>- 4 извештаи за состојбата со бездржавјанството<br>- Анализа за влијанието на Пактот за миграции и азил врз управувањето со миграциите<br>- 3 извештаи за системот за интеграција |
| **2.5 Истражување за ризиците од повреди** | 01.08.2025-31.12.2027 | - Анализа |

| | | |
|---|---|---|
| **на човековите права при вработување на странски работници и влијанието врз системот за упрвување со миграции** | | - Документи за јавни политики (МВР, ДИТ, компании) |
| **2.6 Анализа на модели за мониторинг и следење на постапки за присилни враќања** | 01.08.2025-31.12.2027 | - Анализа на спроведувањето на присилни враќања, мониторинг и пракси од регионот (Србија, Албанија и Црна Гора)<br>- Препораки за институциите |
| **2.7 Стратешко застапување** | 01.01.2025-31.12.2025 | - Предмет за дискриминација по основ на бездржавјанство<br>- Апликација до ЕСЧП<br>- Постапка за незаконски присилни враќања |
| **2.8 Регионална соработка и застапување за интеграција и пристап на ранливите категории странци до основни права и услуги** | 01.01.2025-31.12.2025 | - 6 Национални извештаи (Македонија, БИХ, Албанија, Косово, Србија и Црна Гора)<br>- Регионален компаративен извештај<br>- 6 Документи за јавни политики<br>- 12 национални работилници<br>- 1 Регионална конференција |
| **2.9 Информирање и кампањи за подигнување на свеста на граѓаните** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 1 онлине кампања за правни совети во врска со ризиците од експлоатација на странски работници вработени во компании<br>- (ризик од трудова експлоатација, повреда на работни права)<br>- Подобрување на статистичките податоци за лицата бездржавјанство преку кампања/присуство во медиуми и активно следење на сите случаи |

| **Стратешки приоритет бр.3 ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА МЛАДИТЕ ПРАВНИЦИ ВО ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО, ДИГИТАЛНИТЕ ПРАВА И СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ ОД НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ** | | |
|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИНДИКАТОР |
| **3.1 Спроведување на нови циклуси од практикантската програма** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 5 циклуси практиканстска програма<br>- Обучени 60 учесници<br>- Курикулим кој вклучува дигитални права и заштита на уставни права |
| **3.2 Градење на капацитети на млади правници и студенти на Правни факултети** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 5 Обуки за БПП<br>- 5 Обуки за работа со ранливи категории на лица<br>- 5 Обуки за уставните механизми за заштита на слободите и правата<br>- Поднесени 2 уставни иницијативи<br>- Развиена и прилагодена менторска програма за алумни млади правници<br>- 15 лица под менторска поддршка<br>- Moot court натпревари<br>- 2 Летни школи |
| **3.3 Вмрежување на млади за општествени промени за зајакнување на владеењето на правото** | 01.01.2024-31.12.2027 | - Одржани 5 средби на тематски клупчиња за 80 млади<br>- 3 локални правни лаборатории(млади)<br>- Развиени 5 иницијативи за влијание врз политиките и општествени промени |
| **3.4 Програми за дигитални права и животна средина на Правните клиники во Факултетите** | 01.01.2025-31.12.2027 | - Воспоставени програми<br>- Меморандуми за соработка со Правни факултети<br>- 5 Предавања за дигитални права<br>- 5 Предавања за животна средина<br>- Архус Центар на факултетите |
| **3.5 Правна помош за лица кои пријавиле прекршувања на дигитални права и приватност** | 01.01.2025-31.12.2027 | - Воспоставување на online платформа за пријавување прекршување на дигитални права<br>- Иницијатива за формирање на мрежа на адвокати за стратешко застапување<br>- 10 лица пријавиле повреди (сајбер насилство, online вознемирување, говор на омраза)<br>- 5 пријави со надлежни органи |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 20 пријавени прекршувања на приватноста од системите за надзор на јавната безбедност<br><br>- 5 стратешки предмети за повреда на приватноста од системите за надзор на јавната безбедност |
| **3.6 Истражување и анализи** | 01.01.2025-31.12.2027 | - Анализа за потребата за дигитализација на Правните факултети<br>- Академско списание - Правен фокус<br>- Извештаи за ефикасноста на системот при одлучување<br>- Истражувања за повреда на дигитални права и слободи<br>- Извештај за исполнување на реформската агенда во делот на дигитални права |
| **3.7 Мониторинг на процесите за воспоставување на системи за јавна безбедност и заштита на приватноста** | 01.01.2026-31.12.2027 | - Проектот безбеден град (Safe City) во Скопје, Куманово и Штип и влијанието врз приватноста на граѓаните<br>- Компјутерски центар во Штип за надзор на градинки, училишта, паркови и сите влезови во градот и влијанието врз приватноста на граѓаните<br>- Истражување за поставеноста на системот и усогласеност со политиките за заштита на приватноста |
| **3.8 Активно вклучување во Националниот центар за побезбеден интернет преку правна помош** | 01.01.2025-31.12.2027 | - Меморандум за соработка за утврдување на улогата на МЗМП |
| **3.9 Мониторинг на институционалниот одговор на сајбер закани и процена на нивното влијание врз граѓанските слободи** | 01.01.2025-31.12.2027 | - Информации по слободен пристап<br>- Средби со институции<br>- Извештаи |

| | | |
|---|---|---|
| **3.10 Активности за медиумска писменост и ризиците од повреди на дигиталните права** | 01.01.2025-31.12.2027 | - За граѓани како да се заштитат од онлине измами<br>- Обуки за активисти и новинари<br>- Приватност, заштита на извори, безбедна комуникација<br>- За граѓаните на кои приватноста им е повредена преку снимање на камери на јавни места |

**Стратешки приоритет бр.4**
**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОТПОРНОСТА НА ОПШТЕСТВОТО И ДЕМОКРАТСКАТА КОНТРОЛА ВО СПРАВУВАЊЕТО СО БЕЗБЕДНОСНИ РИЗИЦИ, КРИМИНАЛ И ЕКСТРЕМИЗАМ**

| АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИНДИКАТОР |
|---|---|---|
| **4.1 Едукативни активности за подигнување на свеста од ризиците од рецидивизам, насилен екстремизам, криминално однесување во локалните заедници** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 2 Видеа за едукација за млади за последици од ширење говор на омраза и радикално делување<br>- 3 Обуки за дигитална писменост и препознавање на онлајн ризици од радикализација<br>- 2 Видеа (storytelling) за спречување на стигма (кон СТБ повратници, претходно осудени лица, жртви) |
| **4.2 Приближување на концептот - Маалски полицаец до граѓаните** | 01.08.2025-31.12.2027 | - Изготвување на информативни материјали<br>- 100 Доставени инфо материјали до граѓаните<br>- Средби ПС и граѓани во локални заедници |
| **4.3 Анализи за мапирање на ризиците од криминал, радикализација во заедниците** | 01.08.2025-31.12.2027 | - Средби со локални заедници<br>- Интервјуа со граѓани и локални власти<br>- 8 Состаноци со ЛМТ и други институции |
| **4.4 Обуки за граѓански активизам на локално ниво во детектирање и** | 01.08.2025-31.12.2027 | - 5 Обуки за граѓани за влијаење врз локалните политики |

| | | |
|---|---|---|
| **справување со безбедносни ризици** | | - 15 иницијативи од граѓани за пријавување насилство, питачење и други безбедносни ризици<br>- 30 Обучени наставници и родители за идентификување и пријавување на секаков вид експлоатација<br>- 3 Јавни расправи на теми од безбедност во заедниците |
| **4.5 Тренинзи и работилници за институции за подобрување на системот за ресоцијализација, намалување на рецидивизмот и работа со радикализирани лица** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 8 Работилници за институции препознавање на ризици од радикализам и насилен екстремизам<br>- 18 состаноци и регионални средби за подобрување на ресоцијализацијата и намалување на рецидивизмот<br>- 4 тркалезни маси за промоција на алтернативните мерки<br>- 18 Работни состаноци во локални заедници (образование, здравство, полиција, совети за превенција, пробациски канцеларии, судови, ЛМТ) |
| **4.6 Правна помош и поддршка за повратници, осудени лица, лица пред отпуст, лица под пробација и нивните семејства** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 250 лица добиле поддршка пред и пост отпуст<br>- 3 повратници и семејствата добиле правна помош<br>- Воспоставена неформална мрежа за дирекна поддршка од граѓански организации |
| **4.7 Поддршка во изработка на подзаконски акти, протоколи и оперативни документи за ефективна меѓуинституционална соработка (казнени установи, МВР, ЦСР, НВО).** | 01.08.2025-31.12.2027 | - 5 Подзаконски акти за УИС<br>- Оперативни документи за соработка на ЛМТ<br>- 2 Оперативни документи со соработка со Националниот Комитет за спречување на насилен екстремизам и борба со тероризам |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| **4.8 Следење на одбранбените и безбедносните буџети во однос на социјалните права** | 01.08.2025-31.12.2027 | - Анализа на буџетите за одбрана во споредба со оние за образование, здравство, социјална заштита и други социјални права<br>- Изработка на компаративен извештај<br>- Иницијативи за зголемување на буџетот за социјални права во однос на одбранбениот сектор<br>- Организирање јавна дебата/трибина<br>- Препораки за застапување |

| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ БР.5 ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ЕФИКАСНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА** | | |
|---|---|---|
| АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ИНДИКАТОР |
| **5.1 Правна поддршка на организации, активисти и граѓани за остварување на трите столба од Архуска конвенција** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 15 на организации и активисти кои добиле правна поддршка за Архуска конвенција.<br>- 10 идентификувани прекршувања на човекови права поврзани со заштита на животна средина<br>- 80 правни совети за населението<br>- 8 одржани работилници во локални заедници |
| **5.2 Градење на капацитети на адвокати, судови, Јавни обвинители, инспектори и институции** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 8 обуки за адвокати, судии, инспектори и членови на комисии<br>- Обука за Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен<br>- Обука за инспектори за ЖС за ЗОУП и ЗУС и ЗИН<br>- 2 прирачници со стандарди од ЕУ и Совет на Европа. |
| **5.3 Воспоставување на група на специјализаирани** | 01.01.2026-31.12.2027 | - Воспоставување на група на адвокати за стратешко застапување<br>- 3 обуки за групата |

| | | |
|---|---|---|
| **адвокати за стратешко застапување** | | - 10 работни состаноци за групата<br>- 5 идентификувани правни прашања преку мрежата<br>- 2 иницирани предмети преку групата за стратешко застапување |
| **5.4 Воспоставување на неформална мрежа за мониторинг и застапување за животна средина (НВО-а, активисти, технички експерти, адвокати)** | 01.01.2026-31.12.2027 | - Идентификувани технички експерти<br>- Идентификувани НВО-а активни на темата<br>- Адвокати од мрежата<br>- Идентификувани млади активисти |
| **5.5 Воспоставување на регионална соработка** | 01.05.2026-31.12.2027 | - Воспоставена регионална мрежа за стратешко застапување<br>- Застапување на регионално ниво |
| **5.6 Мониторинг на постапувањето на институциите во заштитени подрачја** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 10 покренати постапки за надзор<br>- 3 извештаи до надлежни институции со препораки |
| **5.7 Анализи и истражувања за влијание врз политиките** | 01.01.2026-31.12.2027 | - Коментар на закони од областа на животната средина<br>- 10 коментари на политики и поднесени иницијативи за нивно унапредување |
| **5.8 Кампања за успешни примери за граѓанско учество** | 01.01.2024-31.12.2027 | - 5 промовирани успешни примери<br>- # на прегледи, медиумски објави, интеракции на социјални мрежи. |